**20202192691**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став (1) алинеја 4 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18) министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, КВАЛИТЕТОТ И КРОЈОТ НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/16 и 237/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/19, 111/19, 163/19, 250/19, 270/19, 75/20 и 173/20), членот 23 се менува и гласи:

„Составни делови на униформа за летечка служба се: зимска летачка јакна N–3 B, летачка кожна јакна од типот USAF A-2, виндјакна од типот CWU-36/P NOMEX, летачки комбинезон од типот CWU-27/P NOMEX (зимски и летен), подкомбинезон, летачки ракавици од типот USAF/USN, капа „безбол“, полувисоки чевли и чизми.

Составот, квалитетот и кројот на: зимската летачка јакна N–3 B, летачката кожна јакна од типот USAF A-2, виндјакната од типот CWU-36/P NOMEX, летачкиот комбинезон од типот CWU-27/P NOMEX (зимски и летен) и летачките ракавици од типот GS/FRP-2 се утврдени согласно стандардот MIL STD.

Составот, квалитетот и кројот на подкомбинезон се истоветни со составот, квалитетот и кројот на дводелно пододдело со поткапа кои се пропишани во член 20 точка 2 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на капата „безбол“ се пропишани во член 13 точка 16 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на полувисоките чевли се пропишани во член 3 точка 15 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на чизми се истоветни со составот, квалитетот и кројот со високи специјални чизми кои се пропишани во член 3 точка 16 од овој правилник.“

Член 2

Членот 24 се менува и гласи:

„Составни делови на униформата за воздухопловно-техничка служба се: зимска летачка јакна N–3 B, зимска виндјакна, виндјакна, зимски едноделен комбинезон, дводелен летен комбинезон, подкомбинезон, заштитен комбинезон, дуксер, капа „безбол“, полувисоки чевли и чизми.

Составот, квалитетот и кројот на: зимската летачка јакна N–3 B, зимскиот едноделен комбинезон од типот CWU-36/P NOMEX и заштитниот комбинезон Buoyant Suit Type V PFD се утврдени согласно стандардот MIL STD.

Составот, квалитетот и кројот на зимска виндјакна се истоветни со составот, квалитетот и кројот на зимска јакна со подјакна кои се пропишани во член 13 точка 2 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на виндјакна се истоветни со составот, квалитетот и кројот на кратка мека јакна „виндстопер“ се пропишани во член 13 точка 3 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на дводелен летен комбинезон се истоветни со составот, квалитетот и кројот на комбинизон пропишан во член 13 точка 1 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на подкомбинезон се истоветни со составот, квалитетот и кројот на дводелно пододдело со поткапа кои се пропишани во член 20 точка 2 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на дуксер се истоветни со составот, квалитетот и кројот на џемпер кои се пропишани во член 13 точка 4 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на капата „безбол" се пропишани во член 13 точка 16 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на полувисоките чевли се пропишани во член 3 точка 15 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на чизми се истоветни со составот, квалитетот и кројот со високи специјални чизми кои се пропишани во член 3 точка 16 од овој правилник."

Член 3

Членот 25 се менува и гласи:

„Делови што припаѓаат покрај униформата за воздухопловна служба се: маица со кратки ракави, маица со кратки ракави со јака, дводелна долна облека (летна и зимска), поткапа, ракавици кожни и чорапи (кратки и долги) го имаат следниот состав, квалитет и крој.

Составот, квалитетот и кројот на маицата со кратки ракави се истоветни со составот, квалитетот и кројот на маица со отвор во форма на буквата „О" кои се пропишани во член 13 точка 11 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на маица со кратки ракави со јака се истоветни со составот, квалитетот и кројот на маица со јака кои се пропишани во член 13 точка 10 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на дводелна долна облека (летна и зимска) се истоветни со составот, квалитетот и кројот на дводелно пододело кои се пропишани во член 9 точка 2 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на подкапата се пропишани во член 9 точка 3 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на ракавиците кожни се пропишани во член 9 точка 10 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на чорапите кратки се пропишани во член 9 точка 4 од овој правилник.

Составот, квалитетот и кројот на чорапите долги се пропишани во член 9 точка 5 од овој правилник."

Член 4

Прилозите од бр. 301 до бр. 317 се бришат.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1-68861/1 | Министер |
| 4 септември 2020 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |